ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОВСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

Службен весник:
12/2024 од 18.01.2024

Влегува во сила:
19.01.2024

Измени:
XX/2024;

Извор:
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на:
ЗАКОН ЗА ДИВЕЧОТ И ЛОВСТВОТО (*);

Актот не е консолидиран.

Измени и дополни кои треба да се земат во предвид:

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОВСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА
XX/2024 од 22.08.2024

БАРАЈ

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 8 став (5) од Законот за дивечот и ловството (*) ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе.

ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОВСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

I Со оваа програма се утврдуваат видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.283/23), Раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, програма 2 - Шумарство, потпрограма 20 Шумарство, Ставка 485 Вложувања и нефинансиски средства, корисниците на средствата, износот на средствата и начинот на користење на средствата за 2024 година.

II За извршување на активностите од дел I од оваа програма, предвидени се средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година во износ од 600.000,00 денари и тоа за:

ВИД НА МЕРКА	КРИТЕРИУМ И ВИСИНА НА ПОДДРШКА	ВКУПНО ИЗДВОЕНИ СРЕДСТВА
Финансиска поддршка за развој и унапредување на ловството		
1.Исполнување на обврските на Владата на Република Северна Македонија согласно со договорот за управување со државните ловишта		
А. Финансирање на трошоци за храна на дивечот	Критериум: - *потпишан договор за управување со дивечот во ловиште* Висина на поддршка: *50% од трошоците*	400.000,00
Б. Финансирање на трошоци за изградба на ловнотехнички објекти (хранилишта, солишта, поилишта и др.).	Критериум: - *потпишан договор за управување со дивечот во ловиште* Висина на поддршка: *50% од трошоците*	
2.Награда за уловен дивеч без посебна заштита		200.000,00
ВКУПНО:		**600.000,00**

III Финансиските средства од оваа програма ги користат управувачите со дивечот во државните ловишта и физички лица кои имаат уловено дивеч без посебна заштита.

IV Средствата од дел II точка 1 од оваа програма, се користат врз основа на склучен договор за управување со дивечот во државните ловишта помеѓу Владата на Република Северна Македонија и управувачот со државно ловиште и врз основа на документација за извршени работи.
Средствата од дел II точка 2 од оваа програма, се користат врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по предходно изготвен записник од Комисијата за утврдување на уловен дивеч без посебна заштита.

V Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".
Бр. 41-815/4 16 јануари 2024 година СкопјеЗаменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, с.р.